**ДО**

**А.Д. Раде Кончар-Апаратна техника- Скопје**
**Бул. Трета Македонска бригада б.б.**

**-Одбор на директори**
**-Извршен директор –Г-ѓа Татјана Лазаревски**

АД за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје

| Примено: 25.09.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0204 | 98 | 34 | |

## Должно внимание

**Предмет**: Барање за свикување на Собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје, согласно Член 385 од Закон за трговски друштва.

Согласно Член 385 точка 4 од ЗТД, акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас, бараме да се објави свикување на Собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје со

Д н е в е н р е д

1.Усвојување на Одлука за одобрување на купопродажба на недвижен имот опишан во ИЛ бр. 58529 КО Кисела Вода 2 на КП 1851/16 сопственост на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности.

Прилог: Одлука за одобрување на купопродажба на недвижен имот опишан во ИЛ бр. 58529 КО Кисела Вода 2 на КП 1851/16 сопственост на ДОО Раде Кончар-Заедничли дејности.

О б р а з л о ж е н и е

При постапката за купопродажба на недвижниот имот опишан во ИЛ бр. 58529 КО Кисела вода 2 и за предлог понудите од заинтересирани купувачи- Дом Дизајн, Вардар градба, ЛИДЛ и Голден Арт се одржани:
-два официјални Собири на соружници на ДОО Заеднички дејности во 2022 год.
-шест официјални собири на содружници на ДОО Заеднички дејности во 2023 г.
-еден неофицијален Собир на содружници на ДОО Заеднички дејности во 2023г.
-шест неофицијални Собири на Собир на содружници на ДОО Заед.дејн. во2024
-еден официјален собир на Содружници на ДОО Заеднички дејности во 2024год.
и согласно адвокатски консултации донесени се едногласно ( 100% содружници) Заклучоци и Одлука за усвојување на условите од Понудата бр. 03-1365/1 од 19.12.2023 год.
и Анекс бр.1 на Понудата бр. 03-152/1 од 13.02.2024 год. за дополна на корекција на условите на понудата на плаќање и пролонгирање на рокот за известување за
конечна одлука за усвоени услови за купопродажба поднесена од купувачот Голден Арт ДОО Скопје.
Составен дел претставува Одлуката бр. 0202-45 од 22.02.2024 год.и Известувањето од Голден Арт бр. 03-614/1 од 17.05.2024 год. до Управителот на

ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности за продолжување на рокот за изјаснување се до одржување на Собрание  на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје и донесување на конечна одлука.
За конечност на горенаведената Предлог Одлука не се донесе Одлука од Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника одржана на ден 10.05.2024 год. поради прекин,  како и на Собранието на 17.05.2024 год. поради немање на кворум за полно правно одлучување и давање одговор на потенцијалниот купувач Голден Арт за Предлог Понудата за купопродажбата.
Неодложната потреба и причина за свикување на Собрание на акционери е реализирање на конечност на започнатата постапка на Собирот на содружници на  ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности со изјаснување по однос на Предлог Одлуката за купопродажба на недвижжниот имот и конечно известување на потенцијалниот купувач Голден Арт врз основа на донесената Одлука.

Подносители на барањето – Акционери:

-Велибор Киријас [redacted] со 12701 акција ----------------------

-Горан Јанчиќ [redacted] со 5781 акција ----------------------

-Ненад Јанчиќ [redacted] со 5774 акции ----------------------

-Стевче Шапков [redacted] со 1300 акции ----------------------

-Злате Поповски [redacted] со 1827 акции ----------------------

-ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности [redacted] акционер со 10772 акции застапувано од Управителот  Црнокрак Душко ----------------------

Прилог: Извод од Акционерска книга

# ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на членовите од 382, 383 и 385 од ЗТД, како и членовите 59 и 60 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна Техника- Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За одобрување купопродажба на недвижен имот опишан во ИЛ 58529 за КО Кисела вода 2 на КП 1851/16, сопственост на РАДЕ КОНЧАР ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје**

1. Се одобруваат условите од Понудата бр. 03-1365/1 од 19.12.2023 и Анексот бр. 1 на Понудата 03-152/1 од 13.02.2024 година и известувањето бр. 03-191/1 од 21.02.2024 година за дополна и корекција на условите на Понудата бр. 03-1365/1 од 19.12.2023 година за купопродажба на недвижен имот опишан во ИЛ 58529 за КО Кисела Вода 2 на КП 1851/16, сопственост на РАДЕ КОНЧАР ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје од страна на купувачот ГОЛДЕН АРТ ДОО Скопје со седиште на Ул. Руди Чајевац бр. 7-2д.п.3 општина Аеродром, со ЕМБС 6025889 и ЕДБ 403000556139 и тоа:

   - вкупна нето купопродажна цена за недвижниот имот е 7.000.000 евра во денарска противвредност сметано по среден курс на НБ на РСМ на денот на плаќањето и тоа:

   -300.000 евра нето во денарска противвредност сметано по среден курс на НБ на РСМ на денот на плаќање на име капар, купувачот ќе ја плати со склучување на соодветен договор, односно преддоговор за купопродажба на недвижен имот.

   -остатокот од 6.700.000 евра нето во денарска противвредност сметано по среден курс на НБ на РСМ купувачот ќе ја плати со донесување на ДУП за предметната локација со тоа што рокот за донесување на ДУП за предметната локација е две (2) години сметано од денот на склучување на договорот од претходната точка.

   -Доколку во наведениот рок не се донесе ДУП-от за предметната локација, сопственикот РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје, има право да го задржи износот од 300.000 евра на име уплатен неповратен капар.

   -Доколку во рок од две (2) години за донесување на ДУП за предметната локација истиот не се донесе т.е. се пролонгира неговото донесување повеќе од две (2) години во тој случај сопственикот и купувачот ќе пристапат кон склучување на Договор за купопродажба за предметната недвижност.

   -Данокот на промет и данокот на додадена вредност и останатите трошоци за продажба на недвижниот имот се на товар на купувачот.

2. Се овластува Одборот на директори на РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА АД Скопје да ги превземе потребните активности и даде потребните согласности за реализација на купопродажбата под наведените услови од претходниот член, како и да ги одобри и потпише согласностите за склучување на преддоговр и договор за купопродажба на предметниот имот и преземање на други правни дејствија и акти неопходни за реализација на купопродажбата на недвижнио имот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 22.02.2024 год. Собирот на содружници на Раде Кончар-Заеднички дејности ДОО Скопје, во кое АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје поседува удел од 40% донесе Одлука со која ги усвојува условите од претходно доставената Понуда на ГОЛДЕН АРТ, како и од дополнително доставениот Анекс бр. 1 на Понудата за дополна и корекција на условите на Понудата со зголемена купопродажна цена и променет начин на плаќање за купопродажба на недвижниот имот-управна зграда на Друштвото (ИЛ 58529 за КО Кисела Вода 2 на КП 1851/16) по цена од вкупно 7.000.000,00 евра во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ на денот на плаќањето.
Одлуката на Собирот на содружници на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности ќе стапи на сила по донесена одлука за одобрување на купопродажбата од страна на Собранието на акционери на содружникот РАДЕ КОНЧАР Апаратна техника АД Скопје.

Дополнително, за купување на предметната недвижност беше доставена и понуда од страна на компанијата ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје во висина од 6.000.000,00 евра во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ на денот на плаќањето, со дополнителни услови кои требаше да се исполнат за реализација на купопродажбата. Понудата на ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје исто така беше разгледана на Собирот на содружници на Раде Кончар-Заеднички дејности ДОО Скопје, но истата не беше прифатена бидејки содружниците оценија дека понудата на ГОЛДЕН АРТ е поповолна.
Имајки го предвид горенаведеното, собранието на акционери ја прифаќа Понудата на ГОЛДЕН АРТ, како и од дополнително доставениот Анекс бр. 1 на Понудата за дополна и корекција на условите на Понудата, поради што се донесе одлука како во диспозитивот.

**СОБРАНИЕ НА АД**

**Претседавач**